**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев" б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, **www.mrt.com.mk**

Врз основа на член 132 став (1) алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), член 6 став (2) од Законот вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 5 став (15) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година, директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бр 04-5205/6
24.12 2020 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

за не вршење на избор во постапка за унапредување по спроведен интерен оглас 02/2020 објавен на 24.11.2020 година

1 **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за пополнување на работно место ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на МТВ Канал 4 - Канал за документарна програма и програма на етничките заедници по спроведен интерен оглас 02/2020 објавен на 24.11.2020 година.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, на 24.11.2020 година објави Интерен оглас 02/2020 за пополнување на работно место ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на МТВ Канал 4 - Канал за документарна програма и програма на етничките заедници. Согласно член 5 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13 11.2020 година, Директорот на ЈРП МРТ со Одлука бр.04-5205/2 од 25.11.2020 година формираше Комисија за селекција за унапредување, која согласно Правилникот спроведе постапка за административна селекција во која е утврдено кои од пријавените кандидати формално ги исполнуваат условите за наведеното работно место за што е изготвен Записник за административна селекција бр.04-5205/3 од 16.12.2020 година, како и постапка на интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот за што изготви Записник за спроведување на интервју бр.04-5205/4 од 18.12.2020 година. По спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција до директорот доставена е финална ранг листа на интервјуирани кандидати бр.04-5205/5 од 22.12.2020 година. При тоа на ранг листата има два кандидати кои имаат ист број на бодови поради што не може да се заклучи кој од овие кандидати е најдобар При тоа се работи за вработени во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија со долгогодишно искуство и беспрекорно поведение кои имаат дадено огромен придонес за самата институција

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, ***www.mrt.com.mk***

Со оглед на фактот дека согласно член 6 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата, а од спроведената постапка за селекција има два кандидати со идентичен број на бодови, односно не може да се утврди кој е најдобар кандидат за ова работно место се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Кандидатот незадоволен од оваа Одлука, има право на жалба до Програмскиот совет во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски

Доставено до:

-Одделението за човечки ресурси
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива